HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е брзорастечка банка составена од тим од млади, амбициозни и мотивирани вработени. Во согласност со нашата стратегија, ние сме секогаш отворени за нови, едуцирани, трудољубиви, високо мотивирани и талентирани кандидати за вработување. Истовремено, на членовите на нашиот тим им нудиме одлични работни услови, конкурентни примања и бенефиции, како и континуиран кариерен и професионален развој, кои што ја рефлектираат улогата на Банката како водечка финансиска институција во локалниот финансиско-банкарски сектор.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на 1 (еден) извршител - нововработен на следната работна позиција:

**ИТ Специјалист за софтвер – развој на апликации (Референца Бр. 001/2026) во Дирекција за развој и одржување на софтвер**

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено најмалку Високо образование од областа на информатиката и компјутерските науки;
- Работно искуство на иста или слична позиција од најмалку 2 години;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;

**Истовремено, кандидатот пожелно е да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Одлично познавање на релациони бази на податоци (Microsoft SQL Database);
- Одлично познавање на  C# за развој на апликации на .NET платформа
- Познавање на HTML5, JavaScript, CSS
- Искуство со API имплементација (REST, Web API)
- Напредно познавање и практично користење на AI алатки, дизајн, интеграција и имплементација на AI агенти за автоматизација на процеси
- Основно познавање на оперативни системи (Windows OS);
- Искуство во развој на апликации со AI алатки ќе се смета како предност
- Познавање на банкарско работење ќе се смета за предност.
- Активно го следи развојот на програмските јазици, помошните програми и нивната примена во пракса;
- Подготвен да учи и да работи со најнова компјутерска технологија;
- Професионален пристап кон работните обврски;
- Ефикасно управување со време, приоритети и почитува рокови;
- Чесност и доверливост;
- Одлични комуникациски вештини;
- Ориентираност кон решавање на проблеми, креативно и критичко размислување;
- Способност за тимска работа;
- Професионален изглед и однесување.

**За оваа работна позиција, кандидатот пожелно е да ги поседува или стекне способностите за вршење на дел од следните работните задачи, кои што ќе бидат должност на вработениот ангажиран на горенаведената позиција:**

- Одговорен за планирање у развој на интерни апликации/алатки за потребите на Банката
- Подготовка на техничка документација за интерно развиените апликации
- Одговара за правилно и целосно функционирање на интерно развиените апликации
- Врши параметризација на интерно развиените апликации во согласност со потребите и производите на Банката
- Организира и спроведува поддршка и обука за корисниците на апликативните решенија
- Ги анализира можностите за користење на апликативните решенија
- Анализира, утврдува и отстранува неправилности во работата на апликативните решенија и настанатите грешки и дава придонес за изнаоѓање на трајни решенија за надминување на истите
- Врши надзор на правилното користење и функционирање на апликативните решенија
- Подготвува упатства, извештаи, мислења и препораки во доменот на работењето на апликативните решенија
- Собира информации од вработените околу потребите за промени и дополнувања апликативните решенија како и имплементација на промените добиени како одговор на овие барања.
- Учество во проекти за унапредување на споменатите апликативни модули, како и за останати активности и тековни ангажмани во рамките на Дирекцијата.

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **09.02.2026 година**, на следниов е-маил: **career@halkbank.mk со назнака на соодветната Референца согласно позицијата за кој што аплицирате, пример: Референца бр. 001/2026 - ИТ Специјалист за софтвер.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.